УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП
ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ

ISSN 1857-7296

# ГОДИШЕН ЗБОРНИК



ГОДИНА 3

БРОЈ 3

**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП**
**ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ**

ISSN 1857-8659

# ГОДИШЕН ЗБОРНИК
# 2012

**ГОДИНА 3** **БРОЈ 3**

# ГОДИШЕН ЗБОРНИК
# УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" – ШТИП
# ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ


**За издавачот:**
проф. д-р Илчо Јованов



**Издавачки совет:**
проф. д-р Саша Митрев
проф. д-р Лилјана Колева-Гудева
проф. д-р Илчо Јованов
проф. д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска
проф. м-р Валентина Велковска-Трајановска
доц. м-р Владимир Јаневски
доц. м-р Гоце Гаврилски

**Редакциски одбор:**
проф. д-р Илчо Јованов
проф. д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска
проф. м-р Валентина Велковска-Трајановска
доц. м-р Владимир Јаневски
доц. м-р Гоце Гаврилски

**Главен уредник:**
проф. д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска

**Одговорни уредници:**
проф. д-р Илчо Јованов
проф. м-р Валентина Велковска-Трајановска
доц. м-р Владимир Јаневски

**Јазично уредување:**
Даница Гавриловска-Атанасовска

**Техничко уредување:**
Славе Димитров
Благој Михов


---


**Редакција и администрација:**
Универзитет „Гоце Делчев" - Штип
Факултет за музичка уметност
бул „Крсте Мисирков" 10-А
п.фах 201, 2000 Штип, Македонија

# Vol 3, No 3 (2012): ГОДИШЕН ЗБОРНИК 2012 **ISSN 1857- 8659**

# Table of Contents

## Articles

**С О Д Р Ж И Н А**

78: 316.7 78:7.05
**Проф. д-р Стефанија Лешкова - Зеленковска**
Предизвиците на глобалната музичка култура во 21 век ..............................................5-14

781.63:78.071.1
**Проф . м-р Валентина Велковска Трајановска**
Рихард Штраус – аспекти на оркестарскиот јазик
и симфониската поема „Дон Кихот“ .......................................................................15-24

781.63:78.071.1
**Доц. м-р. Гоце Гавриловски**
Оркестрациска и темброва идеја и нивната звучна материјализација
во „Болеро“ од Морис Равел .......................................................................................25-34

781..42/.42:78.083.3[:78.071.1
**Доц. м-р Тихомир Јовиќ**
Полифонијата во композицијата „Fantasia Corale“ од
Томислав Зографски (1934- 2000) ...............................................................................35-41

781.11:[784.5:78.071.1
**м-р Ивана Јанков**
Акордската структура застапена во вокалната кантата„Псалми“ од Стојан Стојков ..43-52

78.071.1:791(497.7)
**Доц. м-р Александар Трајковски**
Уделот на домашните композитори во создавањето на музиката за
македонските играни филмови ..................................................................................53-63

781.68:780.616.433
**Доц. м-р Ангеле Михајловски**
Значењето од примената на прстната гимнастика во решавањето на
техничките проблеми при пијанистичката интерпретација ..........................................65-69

78:37.02: 159.947
**Доц. д-р Владимир Талевски**
Значењето на мотивацијата во музичко воспитно- образовниот процес .......................71-79

78:376-056.45:[173.7:37.011.3-051
**м-р Ленче Насев**
Улогата на семејството, наставникот по музичко образование и учебникот во
откривање и поттикнување на музички талентирани ученици .......................................81-86

78:37:004.946
**м-р Дуња Иванова**
Децата и музиката во виртуелната реалност ..............................................................87-94

78:373.3:159.9.072
**м-р Теута Халими**
Примена на Гордон тестот за испитување на музичките способности на учениците
во прво одделение (албански наставен јазик) на основните училишта во Тетово .......95-105

780.6:398.8(497.7)
**Доц.м-р Горанчо Ангелов**
Музичките инструменти во македонските народни песни ..........................................107-129

781.7(497.7)
**Проф.д-р Илчо Јованов**
Основни карактеристики на музичкиот фолклор во Република Македонија............131-134

78.071.1:792.8:[061.1:793.3
**Доц. м-р Владимир Јаневски**
Кореографското творештво на Трајко Прокопиев во ансамблот „Танец .................135-139

793.3:37(497.731)(091)
**Доц. д-р Соња Здравковска- Џепаровска**
Балетската едукација во Штип ..........................................................................141-147

781.1:[784.4:392(497.7)
**Проф. д-р Родна Величковска**
Ороводните песни и нивната и нивната територијална дистрибуција во
македонското традиционално обредно пејачко изразување ........................................149-154

398.332.16:793.31(497.7)
**Проф. д-р Оливера Васиќ**
Русалиски поворки – сличности и разлики со други поворки ....................................155-159

392.5:784.4(497.735)
**м-р Тимко Чичаковски**
Свадбениот циклус во Малешево ..........................................................................161-168

793.3:793.31(497.7)
**Благица Илиќ**
Релевантни етнокореолошки карактеристики на орото Ибраим Оџа-
претпоставка за следење на регионалната идентификација .......................................169-179

793.31(497.761)
**Марјан Андоновски**
Стилски карактеристики на орото кај Мијаците ........................................................181-188

793.31(497.732)(091)
**Стојанче Костов**
Историски аспекти на орската традиција во Овче Поле .............................................189-195

793.31:792.8(497.734)
**Сашко Атанасов**
Методски аспекти на ората во Пијанец ..........................................................................197-218

793.31(497.7)(091)
**Фросина Мариновска**
Орската традиција во селото Врбјани –Прилепско поле ............................................219-226

793.31(497.712)
**Елена Трајчева**
Поводи и места за играње во етничкиот предел Скопска Црна Гора .........................227-233

793.31(497.732)(091)

Стојанче **КОСТОВ**

# ИСТОРИСКИ АСПЕКТИ НА ОРСКАТА ТРАДИЦИЈА ВО ОВЧЕ ПОЛЕ

За народните ора од Овче Поле досега се издадени неколку стручни трудови каде што се обработени народните ора што се играле во периодот на четириесеттите, педесеттите и шеесеттите години на минатиот век. Такви се научните трудови на: Ганчо Пајтонџиев, *Македонски народни ора*, издаден во 1973 година, Александар Линин, *Македонски инструментални орски народни мелодии*, издаден во 1978 година и на Михајло Димовски, *Македонски народни ора*, каде што се обработени ора од репертоарот на Ансамблот за народни игри и песни, издаден во 1977 година. Исто така, познатиот српски етнограф, Јован Хаџивасиљевиќ, во својата студија *Кумановска област* дава опис на ората од Козјачија и од Овче Поле. Покрај овие научни трудови каде што се сретнуваат народни ора од овој етнички предел, во 2003 година издадена е и монографија за фолклорниот ансамбл *Јанко Глигоров* од Свети Николе, во која се споменати ората кои биле дел од репертоарот на овој ансамбл, а се типични за етничкиот предел Овче Поле.

Досега многу малку се пишувало конкретно за народните ора само од овој етнички предел, така што во претходно споменатите дела се сретнуваат и ора кои потекнуваат и од други области од Македонија .

Во делото на Ганчо Пајтонџиев, *Македонски народни ора* во кое се обработуваат ора со посебна кореографска система, освен ора од Малешевско, Делчевско, Кочанско, Радовишко, Струмичко и Валандовско застапени се и ора од Светиниколско и Штипско. Според Пајтонџиев, собирањето на народните ора што се дел од неговото истражување, покажува дека најистакнатите играорци, носители и чувари на народното богатсво, ги научиле од своите постари ората што ги изведуваат, уште како деца и момчиња од шест до шеснаесет годишна возраст, а нивните интерпретации на народните ора може да се сметаат за автентични. Во изворните стари ора, бројот на играорците е неограничен (Пајтонџиев, 1973; 49).

Доколку среќаваме ора со ограничен број играорци, тоа доаѓа поради ограниченоста на просторот, што од своја страна говори за ора поставени на подиумот на КУД и други аматерски групи (Пајтонџиев, 1973; 50).

Истражувањата на Пајтонџиев покажуваат дека во местата од каде што потекнува материјалот кој е обработен во неговото дело, нема оро што почнува со стапките налево. Сите почнуваат надесно, т.е. прво надесно, а потоа во текот на играта има враќање и налево. Принцип е сите ора да започнуваат надесно.

Пајтонџиев посветил внимание и на местата за играње, па така во Свети Николе се играло на отворено во месноста наречена *На рид, Кај училиштето*, а од многу постаро време се играло кога бил празникот на црквата *Свети Стефан* во месноста *На гробишта*. Доаѓале гости од разни места: од Кочани, Штип, Виница, Кратовско, Кумановско, Велешко, па дури и од Скопско (Пајтонџиев, 1973; 53). Имало надигрување во ората меѓу групите, т.е. надигрување во ората. При свадби и свршувачки се играло по куќите и во затворени простории. Што се однесува до времетраењето на орото, тоа не е определено, зависи од тоа дали свирачите бараат или добиваат парична награда. Се играло дури не се уморат ороводецот и другите по него, *се игра до насит* - играта нема насит. Ороводецот во Кочани, Штип и Свети Николе го викаат *танчарија* (Пајтонџиев, 1973; 53). Ова го потврдува и Ѓуро Стојчев, кој вели дека и во село Ѓуѓанци ороводецот го нарекувале *танчарија*, а додека последниот на орото го викале *кец* (информатор Стојчев Ѓуро, од село Ѓуѓанци, роден во 1931 година, сопствени теренски истражувања). Според Пајтонџиев ората од Кочанско, Штипско и Овчеполието имаат многу сличности, како по нивните имиња, така и по стапките. Тоа се, *Крстено*, или *Крстачко, Повраќаница* или *Повраќушка, Трченичка* или *Потрчано, Калајџиско* или *Калајџика*, *Арнаут* или *Арнаутско, Шопско* или *На три пати, циганче* или *Циганчица, Тоска*, *Тресеница* итн.(Пајтонџиев, 1973; 57). Кога станува збор за стилот на ората и народната терминологија Пајтонџиев посочува дека стилот на орото не е изменет. Има измени во брзината на играњето, се оди кон побрзо играње. Воопшто преовладува играњето на прсти, иако сѐ уште има типични ора што се играат на цели стапала.

За изведување на некои движења, скоро насекаде називите се исти, како на пример: *потклекнување, клекнување, клекушка, сврти го орото, разврти го орото, на колена, удри налево, удри надесно, ајде сега чаламџија* итн. (Пајтонџиев, 1973; 60).

Покрај ората што ги има обработено, Пајтонџиев пишува и за познатите играорци и играорки од Штип, Свети Николе и околните села. Најпозната танчарика во Штип била Јованка Трајчева Кацарова, која била и одлична пејачка. Од мажите се издвојувал Коле Крупишки, којшто бил еден од ретките исполнители со богат репертоар на народни песни, приказни и ора. Покрај тоа тој бил еден од иницијаторите за одржување фолклорни смотри во Штипската околија. Тој се трудел да се зачува кореографската традиција, организирал фолклорни ансамбли во општинските центри и годишни смотри на ора, пејачи и исполнители на народни инструменти (Пајтонџиев, 1973; 336-337).

Како позната фамилија од Свети Николе во која се истакнуваат многу танчарии, тој ја наведува фамилијата на играорката Мара Насева, таткото Трајчо, мајката Јанка Насева и братот и Коце Трајчев. Во селото Преод најистакнат играорец и организатор на играорни групи во 1947 и 1948 година во Овчеполијата бил Томе Салтиров. Други играорци од ова село биле: Ристо и Нико Мусески, Стојан Трајчев, Ниче Мусев и Спиро Калински. Најистакнати играорци во селото Орел биле: Коле Марков, Томе Дукатката и Коле Прдлески, а во селото Немањици како најпознати играорци биле Стојан Рижески, Стојан Палачев, Наце Помпитрушев Палач, Трајан Игнатов и Новит Палачев. Еден од најголемите мајстори на орото во Овчеполијата, според Пајтонџиев, потекнувал од село Кнежје, дедо Дончо Митев Манев. Тој имај своја тајфа на играорци, а најпознати од неговата тајфа биле: Ганчо Санев Панев, Никола Тасев Миладинов, Драги Јорданов Трајков и Трипко Панзов Јованов кој бил свирач на гајда (Пајтонџиев, 1973; 336-337).

Александар Линин во неговиот труд *Македонски инструментални орски народни мелодии*, има објавено неколку инструментални мелодии на народни ора кои потекнуваат од етничкиот предел Овче Поле.

Ора кои потекнуваат од околината на Свети Николе поточно од село Кнежје се: *Машка повраќушка, Комитска, Ибраим оџа*. Во селото Немањици, Линин има снимено неколку народни ора и тоа *Крстачка, пајдушка, Невестинското, Права повраќушка*, *Влеченичка, Китуше митуше,* додека пак ората *Ѓурѓино оро, Крстачка, Кривата* и *Рамното* потекнуваат од селото Павлешенци.

Во околината на Штип и Пробиштип, Линин ги забележал следните ора: *Ветер подуна, Шопска, Китуше митуше, Тоска, Ибраим оџа, Шопска крстачка, Беровска шопка, Права повраќаница, Машка*

*крстачка, Арнаутка, Црногорка, Шопска петорка.* Сите наведени ора според мелографиите во научниот труд на Линин се отсвирени на гајда.

Стручниот труд на Михајло Димовски, *Македонски народни ора*, од репертоарот на Ансамблот за народни игри и песни *Танец*, се заснова повеќе на стилизирани ора кои се наоѓале на репертоарот на *Танец* од формирањето на *Танец* до седумдесеттите години, но значајно е да се напомене дека маѓу овие ора се сретнуваат и ора кои не претрпеле никаква промена, односно се изведуваат онака како што се пронајдени на терен, а потекнуваат од етничкиот предел Овче Поле.

Орото *Потрчулка*, според Димовски, потекнува од Кочанско и е оро кое го играат само жени, а додека држењето на играорците е за појас. Ритмичката структура на ова оро е 2/4, а инструменталната придружба е на гајда. Каректерот на орото е умерено-брзо, со одмерени движења, мали чекори и потскоци на полустапалата.

Орото *Крстачка* е типично машко оро кое, исто така, потекнува од Кочанско, а држењето на играчите е за рамо. Ритмичката структура е 6/8, а инструменталната придружба е, исто така, на гајда. Карактерот на ова оро е темпераментен со подрипливи чекори и истовремено балансирање на телото.

Осоговка е, исто така, машко оро каде што играчите се држат за рамо, а според Димовски, и ова оро потекнува од Кочанско. Ова оро народот уште го нарекува *Арнаутско оро*. Ритмичката структура на орото е 11/8, а карактерот е темпераментен, со изразити баланси, потскоци, доскоци и остри движења со двете нозе. Инструменталната придружба е на гајда.

Освен овие карактеристики на ората, Димовски во својот научен труд, овие ора ги има и методски обработено, односно има изработено методска анализа на секое оро, со лабанотациско писмо и со мелографија на мелодиската линија на ората.

Српскиот етнограф, Јован Хаџивасиљевиќ, во 1909 година, во неговата студија за првпат прави компарација на етничките предели Козјачија и Овче Поле од аспект на народните ора. Тој прави разлика во играчкиот репертоар во овие етнички предели и воопшто разлика во експресиите за игра. Што се однесува до карактерот на игрите, тој истакнува дека во двата предела играат различно, односно дека во Козјак населението игра бавно и таласасто, а додека во Овче Поле ората се многу посложени и поразиграни. Како единствена заедничка особина кај овие два етнички предели е патријархалниот начин на изведба и формирање на ората, така што во орото не се мешаат мажи со жени, но според соговорниците на терен,

Павле Наќев и Ѓуро Стојчев кои биле дел од соборите во четириесеттите и педесеттите години на минатиот век, за разлика од порано, во орото се случувало да се мешаат мажи и жени (информатори Павле Наќев, роден во 1930 година во село Барбарево, доселеник во село Ерџелија и Ѓуро Стојчев од село Ѓуѓанци, роден во 1931 година, сопствени теренски истражувања). Хаџивасиљевиќ ја истакнува и посебноста на секоја етничка група, со издиференциран говор, носија, играње, пеење итн. Од играорниот репертоар тој ги наведува ората: *Четворка*, *Крстачка, Равна, Повратничка,Два танца и Светиниколска*, а како ора од полските краеви ги споменува *Лиса и Левача*. Тој е еден од првите автори кој ги објаснува формите, облиците и карактерот на игрите. Се задржува на орото *Два танца* кое го изведувале само девојки и го опишува и како оро кое дедека се игра го менува правецот и во даден момент ороводецот и последниот играорец го затвораат орото. Во однос на терминологијата на играорците тој наведува дека првиот кој го води орото го нарекувале *танцовоца,* додека последниот играорец го нарекувале на *опаш*. Обликот на орото, тој посочува дека се нарекува *танец*. Новитетите што тој ги истакнуава во својата студија во формите на играње се туѓите влианија, а воедно и ора кои се играле од соседните области на Србија (Хаџивасиљевић, 1909; 393-397).

Во монографијата за фолклорниот ансамбл *Јанко Глигоров* од Свети Николе, издадена во 2003 година, ората не се детално обработени, туку само се наведени како дел од репертоарот на ансамблот, но е вредно да се споменат. Исто така, се спомнуваат и дел од народните обичаи кои ги изведувале членовите на ансамблот.

Авторот на монографијата, Методи Манев, наведува дека фолклорните содржини по правило биле следени со обичаи, коишто биле придружувани со изворни ора, најчесто од Овчеполието и со музичка придружба на гајда и тапан. Се споменуваат и обичаи кои членовите на ансамблот ги имаат презентирано на пошироката јавност, а истите се целосно заборавени или им се заканува заборавот. Такви постановки на народните обичаи се: *Застрижување на младоженецот*, *Земјоделска нова година*, *Велигденски обичаи, Коледарски обичаи*, *Ѓурѓовденски обичаи*, *обичаи поврзани со стрижење на овци*, *Овчеполска свадба*, *Невестински полевак*. Невестинскиот полевак кој го објаснува Милка Крстева всушност е понеделникот после свадбата кога невестата ја изнесуваат на вода (информатор Крстева Милка родена 1942 година во

село Макреш, омажена во с.Немањици, сопствени теренски истражувања). Од изворните ора најчесто биле изведувани, *Машко крстачко оро,Женско крстачко оро, Со два танца, Калајџиско оро, Шопка, Овчеполско тешко, Потрчулка*. Орото *Потрчулка* според Миле Крстев уште се нарекува и *Влеченичка* или *Влеченица*, а ова оро се играло во селата Ранчинци и Немањици. (информатор  Миле Крстев роден 1940 година, во село Немањици, сопствени теренски истражувања).  Фолклорните стручњаци и ден денес се воодушевуваат од оригиналноста на орото *Со два танца*, *Машката крстачка* и особено *Овчеполското тешко* кое како што тврдат играорците можеле да го играат само посебно надарените. На овие вредности прв укажал познатиот фолклорист Живко Фирфов кој подоцна ја определил концепциската судбина на фолклорниот ансамбл Јанко Глигоров. Покрај репертоарот и обичаите, во монографијата се споменати и првите играорци: Миле Крстев, кој подоцна бил и инсрументалист на шупелка и на кавал, Ганчо Тодосов, Лазо Ордев и Петко Златев кои всушност се и основачите на овој ансамбл кој се формирал во 1972 година. Како дел од првиот инструментален состав на ансамблот се споменуваат: гајдаџијата Ангел Ефремов, зурлаџијата Стојан Пешев и тапанџијата Радојко Стефанов (Манев, 2003; 12).

**Користена литература**


Димовски, М. (1977). *Македонски народни ора*, Институт за фолклор. Скопје

Линин, А. (1978). *Македонски инструментални орски народни мелодии*. Институт за фолклор. Скопје

Манев, М. (2003). *Фолклорен ансамбл Јанко Глигоров*. Свети Николе

Пајтонџиев, Г. (1973).  *Македонски народни ора*, Институт за фолклор. Скопје

Хаџивасиљевић, Ј. (1909). *Кумановска област*, Јужна стара Србија. Београд

**Информатори**

Крстев Миле, од село Немањици, роден 1940 година (сопствени теренски истражувања)

Крстева Милка, родена 1942 година во село Макреш, омажена во село Немањици (сопствени теренски истражувања)

Наќев Павле, роден 1930 година во село Барбарево, доселеник во село Ерџелија (сопствени теренски истражувања)

Стојчев Ѓуро, роден 1931 година во село Ѓуѓанци (сопствени теренски истражувања)